ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

7 март 2023 година, Гевгелија Број 3 Година XXXXII

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 36 став(1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.03.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА

**за измена на одлука бр. 09-1072 од 26.04.2022, за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Реконструкција на младински дом во село Богородица, Општина Гевгелија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект:**„Реконструкција на младински дом во село Богородица, Општина Гевгелија"**. Носител на проектот е Општина Гевгелија.

**Член 2**

Средствата се наменети за реконструкција на младински дом во село Богородица, во износ од 4.224.234 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

Бр.09-453/1
06.03.2023 год.
Гевгелија

Врз основа на член 36 став(1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.03.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Реновирање и адаптација на сместувачки објект во сопственост на Општина Гевгелија на локалитетот Смрдлива Вода, општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект:**„Реновирање и адаптација на сместувачки објект во сопственост на општина Гевгелија на локалитетот Смрдлива Вода, Општина Гевгелија”**. Носител на проектот е Општина Гевгелија.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за реновирање и адаптација на Одморалиште во Смрдлива Вода, КО Конско, во износ од 2.456.500 денари, односноОпштина Гевгелија има учество од 20% од вкупната проценета вредност на проектот.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-454/1
06.03.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**